# ВАШИТЕ ПРАВА

Macedonian

## Your Rights

## Информации за пациенти, клиенти, негуватели, семејства, *корисници* и посетители

**Како пациент, клиент, негувател, член од семејството, *корисник* или посетител на Illawarra Shoalhaven Local Health District, имате ПРАВО на:**



### КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ

Да ги користите здравствените услуги што ви се потребни.

### КОМУНИКАЦИИ



Да добивате информации за вашата здравствена нега на разбирлив начин за да можете да дадете дозвола за лекувањето.



### БЕЗБЕДНОСТ

Да добивате нега од висок стандард во безбедна средина.

### ВКЛУЧЕНОСТ



Да бидете вклучени во донесувањето на одлуки за вашата нега.

### ПОЧИТ



Со вас да се постапува праведно.

### ПРИВАТНОСТ И ДОВЕРЛИВОСТ




Вашите здравствени податоци да се чуваат во доверливост, освен ако се согласувате да ги споделите со други.




### ДА ГО ИЗНЕСЕТЕ ВАШЕТО МИСЛЕЊЕ

Да ни кажете што мислите. Побарајте да ви ја дадат брошурата *Compliments and Complaints (Пофалби и жалби)* за упат ст ва како да ни кажете што мислите.

**Illawarra Shoalhaven Local Health District**

**www.islhd.health.nsw.gov.au**

# ВАШИТЕ ОДГОВОРНОСТИ

Macedonian

## Your Responsibilities

***Информации за пациенти, клиенти, негуватели, семејства, корисници и посетители***

Health
Illawarra Shoalhaven
Local Health District

***Како пациент, клиент, негувател, член од семејството, корисник, или посетител на Illawarra Shoalhaven Local Health District, имате ОДГОВОРНОСТ во врска со:***




### КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ

Помогнете ни да ги разбереме вашите потреби и кажете ни како можеме да ги задоволиме.




### БЕЗБЕДНОСТ

Кажете ни дали претходно сте биле болни, за лекарствата што ги примате и дали имате алергии.



### ПОЧИТ

Однесувајте се кон нашиот персонал и другите пациенти праведно. Следете ги правилата и прописите на установата, на пример, забраната за пушење и насилство.

### КОМУНИКАЦИИ



Помогнете ни да ги разбереме вашите потреби. Поставувајте прашања. Известете не ако не можете да дојдете или ако доцните на закажаниот преглед. Ако ви треба преведувач, можеме да го организираме тоа бесплатно за вас, во било кое време.

### ВКЛУЧЕНОСТ



Да бидете вклучени во донесувањето на одлуки за вашата нега.

### ПРИВАТНОСТ

Почитувајте ја приватноста на другите луѓе.







### ВАШЕТО МИСЛЕЊЕ

Кажете ни го вашето мислење.
Побарајте ја брошурата 'Пофалби и забелешки' за упатства како да ни кажете што мислите.

***Дали ви треба преведувач?*** *Професионални преведувачи се достапни ако ви треба помош да комуницирате на англиски или ако сте глуви. Нашиот персонал исто така може да побара преведувач. Персоналот ќе закаже преведувач за вас. Преведувачката служба е бесплатна и доверлива. На вашиот закажан преглед можете да донесете со вас член од фамилијата или пријател. Ако ви треба помош да комуницирате би требало да е преку професионален преведувач. Ако треба да разговарате со нас предс закажаниот лекарски преглед, можете во службата за преведување на 131 450*

Date of Publication: February 2020 Ref: DT15/21656

This information has been tested with Consumers